СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од  Дванаесеттото продолжение на Седумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 9 март 1994 година

Скопје, март 1994 година

**12 ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 70-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 9.III.1994 ГОД.**

| ДИСКУТАНТИ: | Дневен ред: |
|---|---|
| 1. АНДОВ СТОЈАН - 13, 16 | -Пред.за донес.на Заквн за |
| 2. АРСОВ ДРАГИ - 1, 3, 11, 14 | радиодифузија. стр.13. |
| 3. АРСОВСКИ БРАНКО – 21, 44, 48 | - Расправа за потпрет.на Влада(уставен |
| 4. АНАСТАСОВСКИ МИТКО – 55 | суд |
| 5. БОШКОВ ЈОРДАН - 59, 60, 68 | -Предл одлуки од Изб.и именув. |
| 6. ГЕШТАКОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 9 | и др.закони |
| 7.ЃОРЃИЕВ ПЕТАР - 33 | |
| 8. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 46, 48 | |
| 9. МАНЕВ ЕФТИМ - 27 | |
| 10. МИНОВ ПАНЧО - 69 | |
| 11. НИКОЛОВ ЈОВАН - 42 | |
| 12. ПЕТРОВ ТОДОР - 23, 30, 61, 66 | |
| 13. ПОПОВСКИ КИРО - 1, 2 ( води седница ) | |
| 14. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 20, 45, 64 | |
| 15. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 36 | |
| 16. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 5, 6, 7, 40 | |
| 17. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 8, 17 | |
| 18. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 2, 24, 26, 70 | |
| 19. СЕЛМАНИ НЕИМ - 35 | |
| 20. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 4 | |

- продолжува -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Дванаесеттото продолжение на Седумдесеттата седница одржана на 9.111.1994 година

Седницата започна со работа во 11,50 часот .

Седница ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов претседател на Собранието.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Да продолжиме со работа.

Пратениците Гулистана Марковска, Димитар Поповски и Љубосав Иванов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници. Согласно според законот за Владата на Република Македонија, "Службен весник " бр. 38, член 23 став 2 секој член на Владата има право и должност да ја претставува Владата во Собранието на Република Македонија и да го застапува ставот на Владата. Но според овој закон г-дин Ристо Иванов како и господата Бекир Жута и Јован Андонов повеќе не можат да ја претставуваат Владата во Собранието.

На сите ни е познато и на сета јавност дека член 4 од овој Закон се укина со одлука на Уставниот суд од 24 ноември 1993 година. Според оваа одлука господинот Ристо Иванов и господата Бекир Жута и Јова Андонов, повеќе не се потпретседатели на Владата, ниту пак овде можат да седат како членови на Владата. Господинот Ристо Иванов поднесе и неотповиклива оставка и за тоа ја извести и Владата и пошироката јавност.

I/2 РД/ЛБ

Бидејќи господинот премиер Бранко Црвенковски се уште нема намера да ги предложи на Собранието да бидат избрани за министри, тие таа функција повеќе и не можат да ја вршат, ниту да бидат при- сутни во Собранието во својство на министри. Ако е така, според уставната одлука и Уставниот суд на РМ тие ни уставно ни законски не можат да ја претставуваат Владата и да ги застапуваат како претставници и предлагачи за одделни законски акти , како што е во конкретниот случај и предлогот за донесуваше на закон за измена и дополнување на законот за радио-дифузијата. Предлагам господинот Ристо Иванов да ја напушти собраниската сала, затоа што тој сега не е ни потпретседател, ниту пак е министер на Владата на РМ.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ќе ве молам во материјалите господинот Ристо Иванов се споменува како потпретседател, бидејќи тие материјали се од период кога господинот Ристо Иванов беше потпретседател на Владата и затоа да нема забуна тие текстови имаат подолг временски период и од таму таа терминологија и тоа звање се употребува.

Во однос на функциите на потпретседателите имаше мислење од Владата на РМ , во однос на нивниот статус дека останува как членови на Владата, односно министри, а господинот Арсов има покрената иницијатива и доставено информација во врска со одлуката на Уставниот суд која од страна на Собранието е проследена до Владата и најверојатно на една од наредните седници ќе биде предмет на расправа, до колку воопшто има смисла за било каква расправа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Процедуралното прашање се однесува на она што господинот претседавач го толкува. Господа, нашиот Устав и законите даваат за право само на ЗПК на Собранието толкуваше на законот. Владата по

ниеден основ не е овластена да толкува закони, па според тоа да толкува дали господата Бекир Жута и нивните потпретседатели се избирани, или се членови на Владата, или по било кој основ останале кога се укинува член 4 од Законот за Владата. Што значи дека Владата не може да даде никакво толкување и ако стои нешто тоа е апсолутно злоупотреба, не толкување. Не треба Собранието да го прими ова толкување ако може така да се нарече Владата. Јас сум да се прифати предлогот на господинот Арсов, затоа што сме ние законодавно тело и не можеме да примаме толкување на извршна власт и по тој основ да паднеме на она што ја имаме од Уставот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ќе ве молам, информација има покрената господинот Арсов да биде предмет на расправа во Собранието. Со таа информација тој бара не толкување, туку мислење од Владата, а во процедура во Собранието надлежните комисии ќе си дадат свое мислење. Според тоа, мислам дека е јасен проблемот.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници јас и натаму останувам на предлогот господинот Ристо Иванов да ја напушти салата, затоа што тој предлог кој овде го спомнува господинот Киро Поповски, навистина не е сега на дневен ред, туку ова е чисто процедурално прашање, затоа што. Собранието треба да донесе одлука и тоа по предлог на господинот премиер Бранко Црвенковски, дали потпретседателите што ќе ги предложи ќе бидат избрани за министри. Бидејќи престана нивната функција како потпретседатели, а до сега од страна на премиерот не е поднесе предлог бившите потпретседатели да бидат избрани за министри, според тоа, тие во оваа собраниска сала не можат да присуствуваат ни како потпретседатели, ни како министри.

Од тие причини јас останувам на предлогот за напуштање на салата на господинот Ристо Иванов.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ќе ве молам, прво точката не е на дневен ред, второ, мислам дека одлуката на Уставниот суд е за укинување на функцијата потпретседател во Владата. Според тоа, не можеме поединечно сега секој потпретседател до сега што вршел функција Собранието да се определува. Бидејќи господинот Ристо Иванов сега е на седница по повод неговото присуство ова Собрание се определува. Ова Собрание до колку воопшто има потреба да се определи ќе се определи по повод вашата иницијатива да се стави тоа на дневен ред, да се каже мислењето на премиерот по ова прашање, а мислам дека такво мислење од Владата веќе еднаш беше на расправа во Собранието. Освен тоа било чие разрешување на член на Влада , може само да биде по предлог на претседателот на Владата. Според тоа вие можете како пратеници да се обратите до претседателот на Владата и да барате од него да покрене таква иницијатива.

Ќе ве молам дајте да работиме по дневниот ред, бидејќи ова не е ниту во фаза на утврдување на дневен ред, туку веќе длабоко сме во работа по точките од дневниот ред. До колку имате официјално веќе се покренува иницијатива и на прва наредна седница ќе биде ставено на дневен ред.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Мислам дека воопшто не треба да се филозофира да се повика господинот Ристо Иванов да ни каже во кое својство присуствува овде. Колку што јас знам тој си даде неотповиклива оставка за местото потпретседател на Владата на РМ. А кога е избран за министер на Владата на РМ може самиот да ни одговори. Повелете господине Иванов

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ќе ве молам господинот Ристо Иванов од страна на Владата е утврден како претставник на Владата по овој текст на законот. Нема зошто да се изјаснува, бидејќи тоа не е точка на дневен ред. До колку имате вие званично покренете иницијатива и веќе покрената ќе се стави на дневен ред. Ние од претседателот на Владата не сме известени дека било кој член од Владата е повлечен.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници бидејќи се работи дека сега на дневен ред е дваесет и шестата точка, односно предлогот за донесување на закон за изменуваше и дополнување на Законот за радиодифузија со Предлог на закон каде што стои дека претставник на Владата е господинот Ристо Иванов потпретседател на Владата на Република Македонија.

Во што е деловничката забелешка? Прво, потпретседателите на Владата ги укина Уставниот суд, односно го укина членот каде што се избираат потпретседатели на Владата. Ако го земете стенограмот при избор на Владата, односно ако го земете стенограмот при изборот на господинот Ристо Иванов за потпретседател исто така на таа Влада, ќе видите дека се избира тој и тој за потпретседател на Владата, се избираат за министри тие и тие и се избираат за членови на Владата тие и тие. Во овој однос потпретседателот на Владата е избран единствено како потпретседател на Владата. Затоа е деловничката забелешка. Дали господинот Ристо Иванов во однос на оваа точка на дневен ред сега што е, овој предлог за донесување на закон за изменуваше и дополнување на законот за радиодифузија, може да биде претставник на Владата, затоа што не е избран за член на Владата туку е избран единствено за потпретседател на Владата, а знаеме декаУставниот суд го укина членот 4 од Законот за избор на Владата на РМ. Во тоа е целата деловничка

забелешка. Владата може во однос на оваа точка од дневниот ред да предложи друг претставник, тоа е нејзино право, меѓутоа, нашата забелешка е дека господинот Ристо Иванов како потпретседател на Владата, затоа што е избран само за потпретседател на Владата, а не е избран за член на оваа Влада,, не може да биде претставник на оваа Влада по однос на овој закон. Во тоа е забелешката. Ако вие не сакате да ја прифатите таа наша деловничка забелешка, тогаш сигурно го кршиме и деловникот на ова Собрание и одлуката на Уставниот суд, односно законот со кој е избрана таа Влада. Затоа не се поставува прашањето дали ќе гласа ова Собрание или нема да гласа дали да присуствува господинот Иванов, туку нема никаква деловничка одредба и нема ни законска ни уставна одредба господинот Ристо Иванов да присуствува на оваа седница како претставник на Владата за оваа точка што е сега на дневен ред.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ќе ве молам, ние званично од Владата сме известени дека господинот Ристо Иванов е претставник на Владата за оваа седница. Никаква иницијатива нема дека се поведува прашање на неговиот статус Напротив , имаме информација од Владата како што беше проследена до сите пратеници дека се укинуваат функциите за потпретседатели , што е одлука на Уставниот суд. А тие остануваат членови на Владата. Според тоа, немојте сега слободна интерпретација да даваме или да отвораме материјална расправа по одлуки или мислења на Уставниот суд или мислење на Владата по точка која што не е на дневен ред. Освен ако не ви е целта да се блокира работата на Собранието. Покренете званична информација ќе биде ан дневен ред и ќе може да расправаме.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Не се работи за материјална расправа. Се работи за принципи. Вие кажувате дека тој е член на Владата. Ние тврдиме дека господинот Ристо Иванов не е избран за член на Владата.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Тоа е ваше мислење господине Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Земете ги стенограмите од ова Собрание. Ова Собрание го избираше Ристо Иванов за потпретседател на Владата.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

И за член на Владата.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Повелете ќе видите дека не е избран за член на Владата, туку само за потпретседател. Ние немаме ништо против, еве јас немам ништо против ако таа Влада го предложи господинот Ристо Иванов да биде член на Владата и вие го избирате. Тоа е ваше право, затоа имате парламентарно мнозинство. Меѓутоа, се работи за сегашната состојба. Сегашната состојба е таква што господинот Ристо Иванов не е член на таа Влада. А потпретседател не може да биде избран, затоа што Уставниот суд ја укина одредбата која што се однесуваше за избор на потпретседатели на Владата на РМ. Во тоа е состојбата нема да кажувате вие сега дека тој е член на Владата. Не е избран за член на Владата, тоа го тврдиме. А вие повелете ако сакате уште денеска изберете го за член на Владата, тоа е ваше право. .

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Очигледно сите станавме правници и се доведуваме во ситуација секој да толкува и устав и уставните решенија. Факт е дека во ова Собрание не е покрената постапка, за разрешување на било кој член на Владата. А Уставниот суд не може да разрешува членови на Влада, ниту потпретседатели. Уставниот суд си дава свое толкување. А оној кој што е по устав и закон овластен, тој тие одлуки ги спроведува. Според тоа, тоа го направи претседателот на Владата со тоа што ги укина функциите

потпретседатели. А тие остануваат како членови на Владата. Според тоа, бидејќи во ова Собрание до сега не е покрената никаква постапка за разрешување, не можеме ние без било каква одлука што ова Собрание до сега не ја донело, сега да донесуваме заклучок за отстранување на било кој член на Владата од седница на Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници неспорно е дека кога некој си дава оставка тоа се почитува. А дека тоа се почитуваше беше јасно на секого кога беше ставено прашањето за разрешувањето на г-динот Имер Имери од функцијата министер. Во тој случај претседавачот, претседателот на Собранието ја симна од дневниот ред бидејќи Имер Имери даде оставка. Во конкретниот случај имаме типична оставка. Според тоа, писмото на Владата е воопшто непредметно, непримерно од аспект што Владата не ги избира или именува министрите. Тоа го чини овој парламент. Господинот Ристо Иванов на оваа функција е дојден како потпретседател со 61 кренатa рака во овој Парламент. Според тоа Владата на РМ не може да избира министри. Ја презела основната функција на овој Парламент. Се поставува прашањето дали пречутно ние ќе се согласиме Владата да ги презема ингеренциите на Собранието на РМ. Понатаму онаа забелешка што ја кажав од деловничкиот аспект дека во случајот е едноставно е надминат, изиграна комисијата ЗПК која што треба да дава мислења по одредени законски прописи за избор и именувања што не е направено. Од тука, за да бидеме многу попрецизни и јасни во случај во предлозите на одредени закони како претставници на Владата се господинот Ристо Иванов, господинот Бекир Жута и Јован Андонов, пратениците од ВМРО-ДПМНЕ нема да присуствуваат во расправата и нема да учествуваат по тие точки од дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работата.

Господинот Арсов има пак нешто деловнички, забелешка. Повелете.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници. Навистина ми е непријатно што морам уште еднаш да повторам, согласно со Законот на Владата на Република Македонија, "Службен весник на РМ" број 38, член 23, став 2, секој член од Владата има право и должност да ја претставува Владата во Собранието и да го застапува ставот на Владата.

Но, според овој закон господинот Ристо Иванов повеќе не може да ја претставува Владата бидејќи Уставниот суд го укина членот 4 од Законот за Владата и според тоа тој повеќе не е потпретседател, ниту член на Владата. Од тие причини тој не може да биде присутен во собраниската сала во својство на претставник на Владата. Затоа, јас останувам на мојот предлог господинот Ристо Иванов да ја напушти салата, бидејќи тој не може во својство на претставник на Владата, односно во својство на член на Влада и потпретседател да ја претставува Владата на РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Гештаковски, исто така сака да каже некоја деловничка забелешка.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Прво, јас не можам да сфатам кои се деловничките забелешки на четири - пет пратеници. Едниот бара потпретседателот, членот на Владата да ја

II/2.-

напушти седницата, друг бара автентично толкување од ЗПК, третиот бара да ја напушти салата. Изгледа се во прашање само игри без граници што како и секој пат и оваа седница што започна да се одложи и да не работи Парламентот и да не ја остварува својата функција.

Инаку, функцијата и надлежностите што пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ги има изнесено овие забелешки во писмена форма и ние како пратеници ги добивме, овде со разни контрадикторни изјаснувања се изјаснуваат и укажуваат дека одредени членови на Владата по одредени одлуки на Уставниот суд, што се многу јасни, ги толкуваат по нивно гледање, се со цел или да ја остварат основната функција за неработење и оневозможување на Парламентот*

Инаку, спорот во однос на потпретседателските функции е многу јасен и законски и уставно. Пред се, особено од причините, бидејќи Владата како носител на извршната власт, согласно Уставот се избира во целина со мнозинство на гласови од пратениците. Тоа сме го направиле.

Од уставните одредби произлегува дека со Уставот се определува положбата, надлежноста и одговорноста на Владата, додека прашањето на правата и одговорностите на министрите е предмет на законот за Влада што го поткрепи и пратеникот, претходниот дискутант.

Од овие причини, ценејќи ја уставноста на законот на Владата, Уставниот суд по одредена иницијатива само констатира дека престанала функцијата на потпретседателите на Владата, како различни функции од функцијата министер. Но, истите кои ја вршеа функцијата потпретседател и натаму имаат права и должности на министри, како членови на Владата, кои согласно овластувањата од Владата вршат права и должности што ќе им ги довери.

Оттука, морам да потенцирам дека нема никаква уставна и законска пречка тие министри да можат да остваруваат координација во

одредени области, во севкупниот стопански и политички живот и во одредени случаи, согласно законот да го заменуваат претседателот кога е тој отсутен, како и да вршат други доверени задачи од страна на претседателот, како што е во конкретниов случај министерот во Владата на РМ Ристо Иванов.

Тргнувајќи од ова изреченово и од фактот и согласно Уставот, бидејќи Владата, како што истакнав претходно се избира во целина, конкретната распределба на членовите на министри кои се во дадениов случај без ресор претставуваат организационо прашање кое е регулирано согласно Уставот и за одредени луѓе кои се занимаваат со таа работа а кои би требало да го знаат, а се прават дека не го знаат, тоа е најлошото што се прават дека не го знаат, е регулирано со член 89 став 6. Исто така се уредува и со законот за Владата во спроведување на одредбите од законот на Владата и во спроведување на овие уставни определби.

Затоа сметам нема никаква пречка ниту деловничка, ниту уставна, ниту законска министерот во Владата на РМ да биде претставник во Собранието по точките на дневен ред за што не има известено Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Арсов пак има забелешка.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Не би се согласил со господинот Гештаковски за таквото толкување, бидејќи тој овде го изнесе мислењето на Владата, а сите знаеме дека мислењето на Владата е само овде дадено, истргнато од контекстот на законот на Владата и како такво е неприфатливо.

II/4.-

Точно е тоа, како што тој кажа, како што господинот Гештаковски кажа дека Владата како носител на извршната власт, согласно на Уставот се избира во целина со мнозинство гласови. Меѓутоа не кажа а тоа го имаме во законот за Владата, не го понесов овде, дека се избира во целина, но по предлог за состав на влада во целина. Со Уставот станува збор за состав на влада, а изборот на Владата од страна на Собранието се врши токму според таа формулација. Ние бираме состав, избираме состав на влада во целина. А, составот е прашање што се решава со Уставот. Составот на Владата е уставна категорија. Организацијата на Владата е законска категорија. Затоа изборот на премиерот, изборот на потпретседателите и бројот на министрите е прашање од уставен карактер. Станува збор, тоа е прашање за составот на Владата. Не може сега Владата да си ги преземе тие надлежности, таа да го одредува составот на Владата па сега имало 18 министри, а на Владата ќе и текне со нејзино мислење и нејзина одлука ќе го од- реди составот на министрите од 18 на 20, бидејќи бројот е прашање од составот на Владата, односно тоа е уставна категорија.

Од тие причини не можеме да го прифатиме таквото мислење на Владата, ниту пак ваквото објаснување на господинот Гештаковски. Според тоа, останувам на тој предлог дека во моментов господинот Ристо Иванов како претставник на Владата, тој овде не може да ја претставува ниту во својство на потпретседател, ниту во својство на член на Владата затоа што од страна на премиерот не е предложен за избор на член на Влада, а неговата функција потпретседател престана со укинувањето на членот 4 од законот на Владата на Република Македонија.

Мислам дека овие работи се сосема јасни.

II/5.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, да привршуваме.

Овде се отвори расправа за што ние овде немаме точка на дневен ред, да се разбереме. Точката на дневен ред е - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за радио- дифузијата, со Предлог на закон.

Што се однесува до тоа кој е претставник на Владата, исклучиво Владата може да определи претставник. Како што знаете, според законот и Нацртот и Предлогот на законот за пописот на член на Владата беше овде претставник на Владата. Тоа беше госпоѓата Антоновска. Според тоа, нема право ниту еден пратеник, ниту една пратеничка група овде да определува кој може да биде претставник на Владата. Само Владата утврдува претставник.

Спорот е околу нешто друго, дали господинот Ристо Иванов дали е член на Владата. Тоа, повелете ставете го на дневен ред да го расправиме. Повелете, предложете, ставете го тоа на дневен ред. Тоа не можете да го расправата по повод закон по кој, тој ако не е член на Владата како вие што велите, не само пошто не е претставник, тој учествува во одлучувањето во Владата таму и не е само Ристо Иванов, туку и господин Беќир Жута, а исто така и господинот Андонов, вие не ги спомнувате нив, господин Жута беше ^а седницата, немавте ниту една забелешка и ви зборуваше овде, го ислушавте. Не се сетивте ли, не знам што беше, ама така беше. Добро.

Според тоа, никој не ви пречи проблемот на поранешните потпретседатели што е сега укинато како место со Одлука на Уставниот суд, дали можат да останат членови на Владата или не можат да останат, да го поставите, ако мислите, овде на дневен ред. По мое мислење тоа не е за седница на Собранието. Вие можете ставот на ата да го оспорувате на Уставен суд. Ќе кажете Уставниот суд да даде

толкување на својата одлука. Многу е нездраво и чудно ЗПК да дава толкување на Одлука на Уставен суд. Не е така. Тоа никаде не е предвидено. Тоа не е можно да се направи.

Според тоа, јас ви предлагам се што вие замислувате како ваш политички став, оти да се разбереме, тоа е политички став, политички став е се додека не стане правен став, а правен став станува или со дополнителна одлука или појаснување од Уставниот суд или со, да речеме, во Собранието со 61 глас да се бара од господинот Црвенковски тие тројца да ги исклучи затоа што влегле во Владата како пот-претседатели.

Меѓутоа, до тогаш додека тоа Собранието не го одлучи или не му се предложи на Собранието, па да го одлучи Собранието или додека Уставниот суд сам не даде такво толкување, мислењето и на господинот Арсов и на господинот Гештаковски е само мислење на поедини пратеници. Ништо друго. Само на поедини пратеници. А политички став е на пратеничката група дали сака да работи и учествува во Собранието овде до колку овие работи што не ги предложила да се разјаснат, не презела мерки да се разјаснат, не се разјаснат. Така стојат работи- те по оваа точка.

Затоа предлагам да поминеме на точката, ако сакате расправа по тие работи канализирајте ја каде и е местото и по пат по кој може да дојде овде во Собранието.

Има збор господинот Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Господине претседателе ние овде нема што да оспоруваме Одлука на Уставен суд, бидејќи Одлуката на Уставниот суд е сврзана со Уставот на РМ што сите овде сме го изгласале. Во членот 89 од Уставот на РМ

стои што го оспорува Уставниот суд, стои дека Владата ја сочинуваат претседател и министри. Во Уставот, според кој се одредува составот на Владата и затоа јас реков дека ова прашање е уставно прашање никаде не стои потпретседатели.

И кога Владата овде се бираше по повод предлогот за состав на Влада, што го даде премиерот Бранко Црвенковски, тогаш учествувавме во расправата и укажавме дека предлогот за потпретседатели на Владата е неуставна категорија. И тогаш укажавме дека Уставниот суд, до- колку го почитува Уставот на РМ ќе ја укине таа Одлука на Владата, односно Одлуката на Собранието која овде беше усвоена, се разбира со мнозинството од левата коалиција, иако предлогот на Владата беше неуставен.

Според тоа, должност на ова Собрание, а и на вас како претседател на Собранието е да го почитувате Уставот. Од тие причини не можеме понатаму да прифатиме претставници на Владата да се во својство на потпретседатели, затоа што тоа не е во согласност со Уставот на Републиката.

И, понатаму, не може Владата да определува надвор од Законот за Владата претставници што ќе ја застапуваат Владата во, ова Собрание. Во членот 23 од Законот за Владата на РМ во "Службен весник на РМ" број 38, еве ќе го прочитам како дословно гласи ставот 2 "Секој член на Владата има право и должност да ја претставува Владата во Собранието и да го застапува ставот на Владата".

Господинот Ристо Иванов не е член на Владата односно тој не може да биде во својство на министер на Влада, затоа што премиерот Бранко Црвенковски не го предложи овде по разрешуван>ето и по неговата оставка да биде избран за министер на Владата, затоа што бројот  на министрите и на министерствата, како што реков, е прашање состав на Владата.

Од тие причини, останувам на својот предлог и мислам дека господинот Ристо Иванов не може повеќе да остане во својство на претставник на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да се разбереме, не навлегувам во тоа каква е Одлуката на Уставниот суд. Немам право да толкувам. Само Уставниот суд има право да толкува.

Владата зазела став по таа одлука, бидејќи се работи за нејзин состав. Собранието два пати го извести овде премиерот за ставот на Владата. Во тие две обраќања убаво стои и вие знаете што стои, дека потпретседателите престануваат да бидат потпретседатели, но би- ле и остануваат членови на Владата.

Меѓутоа, не сакам и не барам господинот Арсов или овој или оној да мисли како што мисли Владата. Може да мисли различно. Може да мисли, ете, точно така како што кажува. Меѓутоа, не може тоа што тој го мисли да биде наредба за сите, веднаш да спроведеме така како што тој мисли. На тоа нема право господинот Арсов, на тоа нема никој право така.

Ако се мисли, пак ќе повторам, дека ставот на Владата е неуставен. Ве молам, покренете уставен спор. Нема кој друг да го разреши тоа. Ако мислите тоа прашање, врз основа на веќе постојната одлука на Уставниот суд дека може да се реши во Собранието, покренете го во Собранието, како прашање. Додека тоа не го направите не гледам дека имате намера да го разјасните прашањето, туку саката однапред вашето тврдење да биде прифатено и наложено на сите. А гледате дека Владата инаку мисли. Владата и напишала дека поинаку мисли. Така стојат работите.

Затоа предлагам да престанеме со јалова расправа. Тоа не е начин да се разјаснат работите. Да седнеме да расправаме по точката. Ако сакате тие прашања да се расправаат, покренете ги со инструменти и пред органи надлежни тоа да го расправаат.

Има збор господинот Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Мора да бидам попрецизен во врска со барањето на господинот Драги Арсов.

Беше многу јасно што бараше и сега како да се изместува оваа деловничка, би ја нарекол, расправа. Едноставно, од причина што и претходниот претседавач, па и сега господинот Андов не убедува во нешто што не е така.

Имено, претставник Ристо Иванов, потпретседател на Влада на Република Македонија тоа е факт на Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за радиодифузија со Предлог на закон. Меѓутоа, имаме известие. од Владата "Ве известуваме дека претставници на Владата во Собранието по Предлог за донесување закон за изменување и дополнување на Законот за радидифузијата наместо Ристо Иванов се определени господинот Џевдет Хајредини, министер за финансии и Ѓунер Исмаил". Кој е претставник сега се прашуваме. Немаме претставник едноставно. Со ова писмо фактички Владата ја извршува желбата на господинот Ристо Иванов, кој ја почитуваше одлуката на Уставниот суд.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа спорно не е дали господинот Ристо Иванов може биде претставник

(Реагирање на пратениците)

II/10.-

Ве молам, чекајте да се разбереме. Интервенцијата што ја направи господинот Томислав Стефковски може да биде на место заради тоа што известувањето на Собранието дека господинот Ристо Иванов е претставник овде е направено во ноември месец пред одлуката на Уставниот суд и затоа он е именуван како потпретседател на Владата. Во меѓувреме, што се однесува за неговиот статус е друга работа, имаме две писма од премиерот. Господинот Иванов, господинот Жута и господин Андонов, се членови на Владата со внатре во Владата: утврдени надлежности. А сега, во меѓувреме Владата, заради тоа што господинот Ристо Иванов беше во оставка пратила писма за двајца други претставници. Тоа прашање, дали останува и натаму господинот Ристо Иванов, претставник треба Владата да :си го потврди со писмо. Затоа давам пауза од 15 минути Владата да си постапи во согласност со обврските.

(Пауза од 12,35 часот).

д

(Пауза од 12,35 до 13,10 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Присутни се 67 пратеници.

Ве молам кога ќе дојде писмото од Владата за тоа кој е претставник по оваа точка ќе продолжиме по неа. Сега одиме понатаму.

Преминуваме на точката 27

Бидејќи немаме потребен број на пратеници по оваа точка за да можеме да донесуваме одлука, треба 81 пратеник, а ние сме 67 одиме понатаму.

Точката 28 е повлечена, преминуваме на 29 точка.

Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење од 7 минути, а координаторите на пратеничките групи во траење до 15 минути.

Кој е за Предлогот молам да крене рака? (43 пратеници)

Дали има некој против? (16)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека Предлогот е прифатен.

Преминуваме на **точката 29** - Предлог на закон за правата на членовите на семејствата чиј хранител е војник на служење на воениот рок.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас уште во фазата на Предлогот за донесување на овој закон имав една дискусија во која концепциски го повикав предлагачот на овој закон да размисли посериозно дали правата кој произлегуваат врз основа на законот ко:ј треба да се донесе, треба да се остваруваат во центрите за социјална работа односно преку Министерството за труд и социјална политика или материјалните права за остварување на материјалното обезбедување треба да се остваруваат преку Министерството за народна одбрана. Тогаш, за жал, од Владата не добивме никакво објаснување, добивме од еден пратеник од говорницата што го сметам за легитимно, меѓутоа, мислам дека сепак Владата требаше да даде посериозен одговор на тоа прашање.

Има една здрава логика која вели ако Министерството за народна одбрана е тоа кое ги повикува врз основа на закон граѓаните на служење на воениот рок и ако по тој основ тие трпат материјални консеквенции во своите семејства бидејќи не можат да го издржуваат во тој период сопственото семејство логично е и тоа министерство за народна одбрана да е органот кој за својот регрутен состав го обезбедува материјалното обезбедување на нивните фамилии. Да не се се случи едно министерство да ги повикува а во второ министерство да се остваруваат правата.

Едноставно многу би делувало пологично, меѓутоа мислам дека е и многу попринципиелно би било оној кој повикува на отслужување на воениот рок тој,тоа министерство да ги сноси трошоците. Преку него да се исплаќа материјалното обезбедување на семејствата кои остануваат во тој период без никакви приходи.

Не знам дали претставниците на Владата што се овде може да дадат одговор зошто овој закон и натаму останува на филозофијата дека оние кои се упатуваат преку Министерството за народна одбрана на

отслужување на воениот рок во Армијата на Република Македонија ги тераат нивните членови на семејството, преку тоа и нив самите преку друго министерство да ги остваруваат своите права со кои се засегнати од соседна друга институција во државата.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека Предлогот на законот за правата на членови на семејства чиј хранител е војник на служење на воениот рок не е некој посебен нов закон. Мислам дека со овој закон не се одредуваат некои посебни права досега кои не биле присутни за оваа категорија на граѓани кој според одредени критериуми односно нивните семејства дошле во положба од социјална потреба и имаат потреба од материјална интервенција и социјална сигурност од државата. Овој закон е еден континуитет на претходно постојниот закон и во таа смисла не се изменети многу односите во овој закон и по содржината и принципиелно според она што законот го заговара. Тоа значи материјално обезбедување, здравствена заштита и додаток на деца на семејства чиј носител на тоа право односно носителот на материјалните права се наоѓа на отслужување на воениот рок односно во Армијата на Република Македонија.

Во тој контекст мислам дека и членот 5 и членот 6 и условите за стекнување на правата се сосема коректни и мислам дека овој закон сосема ги определува правата и обврските на државата спрема оваа категорија на граѓани.

Овде господинот Поповски што заговори еден проблем, нормално тука требаше малку и логично да се размислува и од соодветното министерство, Министерството за труд и социјална политика, а се разбира и од Министерството за народна одбрана, меѓутоа, лично јас сум убеден дека сепак решението кое е поставено во Законот е

поисправно отколку  да се оди на тоа дека Министерството за народна одбрана треба да го решава проблемот на граѓаните кои се нашле во положба од социјална потреба заради тоа што нејзиниот носител на материјалното право е на отслужување на воениот рок.

Во постапката е кажано дека одговорно министерство е Министерството за труд и социјална политика, а целокупната постапка ја води Центарот за социјална работа. Во таа смисла мислам дека логично е оваа институција и ова Министерство да ја има таа надлежност и заради принципот на солидарност и принципот на материјалната сигурност која се обезбедува на овие граѓани. Мислам дека социјалниот елемент е основен услов за стекнување на ова право. Ако лицето не се наоѓа на отслужување на воен кадровски рок, тогаш најнормално е и државата не би била заинтересирана за материјално обезбедување на овие членови, освен ако и тоа лице се наоѓа во таква положба да интервенира преку други законски прописи, а пред се Законот за социјалната заштита , одлуката за социјални заштитни права, односно социјалната програма итн.

Во тој контекст мислам дека содржината на законот е сосема исправна и треба да се поддржи овој закон така како што се предлага. Молам, пратениците да го прифатат овој закон. Сакам да ве известам дека и Комисијата за труд и социјална политика даде целосна поддршка на овој закон, без да даде некоја посебна забелешка, односно содржината и она што се уредува со законот.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Сакам да укажам прво на една процедурална забелешка заради тоа што Владата кога си ги предлага законите треба да биде претставена со лицата кои се назначени во актите што ги добиваат пратениците. Во овој случај како претставник министерот Илијаз Сабриу и повереникот Илија Рајчановски не се присутни и не гледам овластен претставник од Владата да присуствува при претресот и одлучувањето по овој закон. Затоа барам претседавачот , односно потпретседателот да обезбеди нивно присуство и во иднина ваков пропуст да не се дозволува.

Меѓутоа, ќе ја искористам можноста, сакајќи односно тргнувајќи од насловот на Законот за правата на членовите на семејствата чиј хранител е војник на служење на воениот рок да го актуализирам прашањето за тоа да Владата врз основа на одредбите од овој закон а и како посебен работен заклучок, бидејќи текстот и содржината на законот се однесува за тоа прашање да ни дадат една информација каква е состојбата, правата и положбата , социјалното и материјалното обезбедување на оние лица кои за време на служењето на воениот рок по- гинаа или останаа инвалиди за време на војната во Словенија, Хрватска и Босна и Херцеговина.

За тие лица воопшто не добивме како Собрание никаква информација што се случува со нив, каква е нивната материјална и социјална положба, дали како инвалидизирани лица можат да ја обезбедуваат сопствената материјална егзистенција или на своето семејство, или на родителите кои се неспособни , изнемоштени и не се во состојба материјално и социјално да бидат обезбедени. Од таа гледна точка, бидејќи законот е наменет за овие лица, би предложил Собранието поимевично за секој од тие инвалидизирани лица, и оние кои

што погинале, за нивните семејства и родители да поднесе Владата една писмена информација до Собранието за да пратениците бидат запознати со материјалниот и социјалниот статус на овие лица.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Веќе е побарано од Владата да испрати претставник за седницата, па во меѓувреме веројатно ќе дојдат.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес по законот, а да причекаме претставникот на Владата да дојде.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, поради заштитата на дигнитетот на Парламентот, досега секогаш се однесуваше дека Собранието не работи, Собранието е виновно за се. Ја нема Владата, а без предлагач нема да работиме и еднаш треба да се знае по чија вина Собранието во повеќе случаи не работи. По ова предлагам овој закон да се симне од дневен ред поради немање на претставник од Владата.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Не може да ја симнеме точката од дневен ред, а прашаше е дали ова Собрание ќе се определи дали може да работи без претставник на Владата.

Владата е известен и очекуваме да дојде претставник на Владата.

(реагирање на пратениците).

Предлагам додека дојдат претставниците на Владата да поминеме на точката 30 од дневниот ред - Предлог на закон за изменување на Законот за прекршоци.

Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието и мислењето на Владата Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана предлага Собранието да го одбие овој закон од причините наведени во Извештајот.

Молам, кој бара збор?

IV/1.- JM/OM

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Молам кој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа јас сум предлагач на овој закон за изменување на Законот за прекршоци. Комисијата навистина дава мислење дека нема потреба од донесување на овој закон, меѓутоа ова Собрание има своја одлука и ме задолжи по забелешките кои ги донесе и ги стави да изготвам нов предлог на закон. Јас тоа и со овој предлог сега кон- кретен закон и го чинам предлагам да се намалат казните одредени за подделни прекршоци, односно во законот за прекршоци каде се предвидуваат рамковните односи кои казни ќе се плаќаат и каде беше пред- видено дека казната може да се наплати, да се изрекува од една поло- вина до сто плати и за правни лица од 20 до 100 плати. Од приложениот Предлог на закон јас посебно ќе има потреба да кажам дека за дадените досега важечки прописи од една половина до 100 плати да се замени со зборовите " од една десетина до 20 плати". Во ставот 3 по точката 1 зборовите " една половина до две ипол плати" да се замени со зборовите " една десетина до една половина од плата". Во точката 2"од една до 15 плати"да се замени со зборовите " од една; петина до 3 плати" . И во точката 3 зб4оровите " од 20 до 100 плати" да се замени " од 4 до 20 плати". Понатаму во членот 32 зборовите "една плата" се заменува со зборовите "до една петина од платата" а во точката 2 зборовите "до 3 плати" се заменува со зборовите " до половина плата". Во точката 3 по зборовите "до 10 плати" се заменува со зборовите " до 2 плати". Во член 36 каде што се пред- видува една плата се заменува " до една петина од платата". Во член 95 по зборовите " една плата" за заменува со зборовите "една петина од платата" и по зборовите " од две плати" се

заменува со зборовите " една четвртина од платата ". Во член 161 став 1 зборовите " една петина од платата" се заменува со зборовите " една десетина од платата". Во став 2 зборовите " една петина од платата " се заменува со зборовите " една десетина од платата" и зборовите " една поло- вина од плата" се заменува со зборовите " една десетина од платата".

Колеги пратеници, ова го предлагам од следните причини. Казните што се изрекуваат се покажаа неадекватни според економската и социјалната можност на граѓаните на Република Македонија да овие казни ги плаќаат. Во практика казните што досега важат се осветнички спрема граѓаните, наместо да делуваат воспитно и поправно. И во извршуваше на казните се покажа дека казните тешко се наплатуваат и создаваат социјална тензија кај населението односно семејството кое ќе го зафати со плаќаше на казна на еден од членовите на семејството, а има и правни лица кои имаат вработено до 20 или 50 лица, ако се казни со 100 плати веднаш по наплатување на казната се отвора постапка за стечај на тоа претпријатие. Во оваа смисла јас предлагам да го усвоите овој закон и денеска да го изгласаме.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, предложениот закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците поднесен од господинот Томислав Стојановски со неговото образложение го прифаќам во целост и сметам дека овој Парламент сепак треба да размисли малку повеќе за овој закон и во врска со тоа би дал неколку мои образложенија.

IV/3.-

Неспорен факт е дека предложениот закон кој што е сега на снага со предвидени казни од една половина до 100 плати е прилично ригорозен закон, фактички и неспроведлив. Досега овој Парламент повеќе пати расправа за оваа состојба по овој закон, бидејќи се поднесуваат такви измени и дополнувања, расправата прилично долго тече во овој Парламент и Парламентот не најде за сходно да формира една комисија, бидејќи Владата овој Парламент го известува дека таквиот закон каков што е сега на снага дал свој ефект, прекршоците биле прилично намалени и високата казна задоволува во сегашно време Јас имам едно сосема поинакво искуство, правејќи разговори и обиколувајќи повеќе судови за прекршоци, сметам дека таквиот закон има негативен ефект. Тоа би го рекол од следните причини. Ниту еден суд за прекршоци нема изречено таква висока казна каква што е предвиден; за самиот сторен прекршок. Судиите за прекршоци се мачат при изречувањето на казната. Неспорен факт е да ја утврди фактичката положба дека постои деликт, сторен прекршок од страна на одреден субјект, правно, или физичко лице, но при изречувањето на казната е огромна тежина во судот, затоа што доколку ја примени одредбата во законот, таа е фактички неизвршлива. Сите сме свесни дека во Македонија се регистрираат преку 30 илјади фирми и тоа приватни фирми кои приватни фирми работат со 3, 4, или 5 работници. За еден сторен прекршок е предвидено, за одредени прекршоци најмалку 40 плати. Кога тој суд би изрекол таква казна, фактички целта на казнувањето е сведена на нула, затоа што таквиот субјект правен нема да ја изврши, нема да ја наплати казната, тој нема средства на жиро сметката, едноставно ќе треба некој да го ликвидира и да се поведе постапка за ликвидација, пак државата да плати средства за да се ликвидира, а после 5 дена тој ќе отвори нова фирма. Казната мора да има цел, да го принуди тој што сторил прекршок да не отвора нова

фирма, туку да се потруди да ја плати таа казна која што ја изрекол судот. Ако овој Парламент поразмисли малку неминовно е да се створи една анкетна комисија и за една недела да ги провери сите судови за прекршоци,* да види какви казни изрекле досега по сторените прекршоци кои што ги поднесуваат нашите инспекциски органи и каква мака имаат во извршувањето. Таму е предвидена и казна затвор доколку не ја изврши казната. Најмалку треба со претварање на парична казна во затвор може да се замени еден месец. Според височината на казната тој треба најмалку 5 години да биде во затвор, ако го казниш 40 плати ако се собере тоа по 12 месеци, тогаш треба 3 години и повеќе затвор. Таква казна не може да ја изврши судот. Сепак, сметам дека Владата треба да биде малку по коректна на вакви предлози и да се соживее со состојбата која што е денеска во Македонија и тоа што е реално. Ако би се направила една анкетна комисија, ќе видиме какви се казните Сите казни се изречени со ублажување, тоа што го предлага господинот Томислав Стојановски, исто нешто предлага и Владата една петина да биде најниската казна, но сепак и таа е висока. Има прекршоци и од физички лица. За едно паркирање, само ако поминеме покрај Бит Пазар каде што луѓето немаат обезбедено паркинг - плац, само ако застане да земе било што од пазар, ако плати пола плата, или една петина од плата, колку би значело тоа. Ги тераме исто така луѓето кои што се одредени за да постапуваат спрема прекршителите на одредени места ги тераме и тие самите да замижуваат на таквите прекршоци, затоа што знае каква казна следува за таквиот субјект без оглед на тоа дали е физичко, или правно лице. Сметам дека сепак, овој закон кој што го предлага господинот Томислав Стојановски е коегзистентен може да се спроведе, иако има последици во другите закони кои што ја регулираат материјата посебно

за казните, сепак, тој плафон кои од 20 плати е прилично висок, не е мал ако се казни еден правен субјект со 20 плати сепак не е мала казна и сепак, може да избира тој да ја сфати казната дека е за тоа што сторил има поправен карактер, а инаку сето тоа ако го казниш 100 плати, било која фирма наша да ја казниш со 100 плати таа пропаѓа, со тоа само можеме да ги доведеме до стечај и да се отвараат нови фирми.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Ова Собрание на предлог на Владата на 9 октомври 1992 година донесе закон за изменување и дополнување на Законот за прекршоците со кој се воведоа ригорозни казни во однос на прекршувањето на разни одредби утврдени со соодветните материјални закони. Меѓутоа, наместо да имаме некаков позитивен ефект од ваквата политика, наместо во парични износи и сега се прикажуваат во соодветен износ на плати ние изгледа во практиката на примената на овој закон имаме само негативни ефекти. Комисијата за внатрешна политика и одбрана на Собранието на РМ на седницата од 14 декември 1993 година упати свое барање до Владата да подготви една информација во која ќе биде содржан преглед за тоа дали и во колкав обем е намален бројот на сторените прекршоци со воведување на новиот систем на пропишување на паричните казни за прекршоци во плати. До ден денес пратениците и ова Собрание се уште немаат добиено таква информација од која што ќе се согледа и ефектот од примената на одредбите од законот за изменување и дополнување на Законот за прекршоците. Наместо казните да делуваат превентивно за намалување на нивниот обем, ние со изгласувањето на тој закон во висина на казните во таков износ како што се утврдени државата ја

претворивме во репресивна и наместо да делуваа' превентивно, изгледа од аспект на одделни функционери, или членови на министерствата, органите на државната управа прекршочните казни изгледа се сфаќаат како инструмент за полнење на приходите на Буџетот на државата. Ако е тоа така, а изгледа дека во практиката на примената на одредбите добива таква конотација законот со висината на казните каква што е дадена, тогаш сме ја промашиле функцијата на прекршочните казни кои што се утврдуваат со Законот за прекршоци. Сега моменталната ситуација е дека поголем број на граѓани врз кои се изречени казните не ги плаќаат заради тоа што материјалната состојба им е таква да не можат со платите кои што ги примаат евентуално да го обезбедат подмирувањето на трошоците за плаќањето на прекршочните казни, одат во затвор. По исплатливо е да се оди во затвор отколку да се плати износ на прекршочна казна кој изнесува од 10 до 200 плати. И од друга страна се полнат казнено поправните домови, затворите, а исто ака имаме и негативен ефект заради тоа што претставува предуслов за корупција и корумпирање на органите на управата кои што ги применуваат одредбите, санкции во соодветните материјали закони заради тоа што најлесно е оној кој што е прекршочно казнет, а нема толкава сума на средства да ја исплати прекршочната казна, да ја исплати во некој намален износ на рака на оној кој што му ја пропишува казната, за да прекршочната пријава биде скината и не соодветно проследена до надлежните судови. Имајќи предвид дека на 68-та седница се наоѓа на дневен ред Предлогот за изменување на законот за прекршоците, со Предлог на закон кој што го достави Владата, меѓутоа прашање е кога 68-та седница ќе продолжи. Лично колку што се сеќавам и на Комисијата за внатрешна политика и одбрана на Собранието кога се разгледуваше Предлогот на законот поднесен од пратеникот Томислав Стојановски заклучокот се сведуваше на тоа дека доколку 70-та седница

на која ќе биде ставен Предлогот на законот за изменување на Законот за прекршоци биде попрво одржана пред 68-та седница на која се наоѓа Предлогот на Владата во прва и во втора фаза, тогаш нема причина зошто Собранието да не го прифати предлогот на законот за изменување на Законот за прекршоци. Уште повеќе и од причина што Собранието на седницата од 27 октомври 1993 година донесе заклучок со кој овластениот предлагач пратеникот Томислав Стојановски го овласти да изготви и да му понуди на Собранието Предлог на закон за изменување на Законот за прекршоците. Имајќи предвид дека со предлогот на Владата се предлага измена на прекршочните казни само за физичките лица и тоа намалување на минимумот до една петина, а предлогот на пратеникот Томислав Стојановски во по поволна положба ги става граѓаните во поглед на висината на казните при изрекувањето на соодветните прекршочни казни, односно за физичко лице наместо од една половина до двеипол, висината на казната да биде од една десетина до една половина плата за поединец во вршење на самостојна дејност или професија и на одговорно лице во правно лице наместо законската одредба од една до 15 плати износот да изнесува од една петина до три плати и за правното лице наместо законската одредба од 20 до 100 плати да биде од 4 до 20 плати. Сметам дека Собранието би требало да го прифати предложениот текст на Предлогот на законот за изменување на Законот за прекршоци. Во таа смисла ќе гласам за прифаќање и донесување на овој закон.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

IV/8.-

**ПЕТАР ЃОРЃИЕВ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, неспорна е потребата од донесувањето на законот за изменување на Законот за прекршоци, но сакам да укажам една обврска што претстои во делот на 68-та седница имаме веќе поставено на дневен ред исто така, по предлог на Владата Предлог на закон за изменување на Законот за прекршоци и тоа поттикнат од расправата што се водеше по однос на иницијативата, односно предлогот на пратеникот Томислав Стојановски за изменување на Законот за прекршоци. Уште во текот на расправата за предлогот за донесување на закон јасно се укажа дека треба предлагач за изменување на законот да биде Владата на РМ, а и во расправата уште тогаш се потенцира дека донесениот закон што посебно беше потенциран во октомври 1992 година е со одредби кои што во тој момент при донесувањето на законот сигурно го немавме во предвид, со прекршочни казни кои што се толку високи што не го постигнуваат ефектот што треба да се постигне во делот на прекршоците. Оттука сметам дека треба да се определиме да во расправата по 68 седница што беше пред оваа седница закажана, но поради тоа што седницата не продолжи со работата ние да дадеме предност на законот што Владата го има поднесено пред да поднесе пратеникот Томислав Стојановски Предлог на закон , а со самото тоа да се сообразиме и со предлозите што Владата ги дава, бидејќи тие предлози сигурно со нешто се разликуваат од она што пратеникот Томислав Стојановски го има предложено во Предлог законот, а сигурно во рамките на расправата ќе може и самиот пратеник Томислав Стојановски со свои амандмани веќе да интервенира на Предлогот на законот, а и ние како пратеници на одреден начин од страна на Владата да бидеме информирани во делот на прашањата што сега беа поставени околу ефектите кои што се

постигнати со донесувањето на законот за прекршоци. Сакам да предложам законот денеска да не се донесе, односно да не гласаме за него, туку на 68-та седница што треба да ја продолжиме по предлогот на Владата да расправаме и воедно да се имаат во предвид и решенијата што сега се нудат по однос на изменување на Законот за прекршоците од страна на Томислав Стојановски.

V/1 JJ/СЛ

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Неим Селмани.

**НЕИМ СЕЛМАНИ:**

Почитувани пратеници, дами и господа, мислам дека од сите досегашни излагања станува јасно дека има потреба овој закон да се измени. Меѓутоа, ако се има предвид целта на донесувањето и што е намерата на секој закон, ако тој не се применува , неговата функција се губи. Кога правиме ние закон, ова малку ми личи на закон како заб за заб, око за око, ако некој се замеша во тоа мораме веднаш да му се осветиме. Мислам дека законот има за цел ресоцијализација на тој што згрешил, за да биде од корист за општеството и понатаму да не прави исти грешки. Според тоа ако се има предвид денеска за возење без дозвола да се плаќа казна од 680 денари, односно без тоа , тоа се во стари 300 милијарди. Ако се имаат предвид просечните лични примања и материјалната положба на граѓаните, тогаш е јасно дека овој закон нема намера, граѓаните што се погрешиле да бидат воспитани, туку има обратно дејство, како на тие да сакаат да им се осветат. Сигурно дека Владата на РМ~досега требаше да направи еден извештај во кој ќе кажеше кои се постигнатите цели и што резултати се постигнати. Тоа до ден денеска не е направено, а ако се има предвид какви проблеми има во решавањето на ваквите проблеми изгледа дека судиите носат решенија само за некои прекршители, а се знае за кого носат, за да се најде начин да се интервенира. Според тоа секој закон што нема своја практична примено фактички тој закон и не постои. Тој закон нема потреба и да постои ако нема доследна примена како закон, ако не се применува заради целта за што е донесен. Јас мислам дека она што и во предложениот закон од колегата Стојановски мислам дека е во ред тоа

една десетина од просечните лични примања што е дадено во конкретниот предлог на законот што се изнесува казната држи затоа што тука ние ќе дејствуваме во две насоки. Прво ќе се делува лицата што еднаш згрешиле еднаш да не прават такви грешки и на еден друг начин државата обезбедува  инструмент аз собирање средства на буџетот со кои средства ќе располагаме. Јас ова го зборувам од практична гледна точка затоа што во сите судови има голем број проблеми, голем број нерешени предмети и заради постоењето на овој закон често пати многу судови во Републиката се неажурни а веројатно тука има малку влијание и емоционалното зашто се тоа големи износи на казни и не ги решаваат односно не донесуваат решенија благовремено. Во оваа насока Парламентот треба да го усвои овој предлог а јас ќе гласам за овој закон и сите да ги имаме предвид овие околности за донесувањето на овој закон.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Комисијата за внатрешна политика и одбрана на Собранието на седницата одржана на 14.XII.1993 година го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за прекршоци поднесен од пратеникот Томислав Стојановски. Во начелната расправа по предлогот на овој закон во Комисијата имаше поделени мислења. Имено одделни членови беа на мислење дека овој закон треба да се одбие бидејќи нема потреба од смалување на висината на паричните казни за прекршоци за пет пати и тоа како за физички така и за правните лица, односно дека само со високи казни може да се постигне целта на казнувањето. Тоа е и суштината на Предлогот на господинот Томислав Стојановски.

Исто така овие членови укажаа на својата седница одржана на 14.Х.1993 година кога го разгледа Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за прекршоци со Предлог на закон поднесен од Владата, при што го поддржа решението содржано во овој закон, општиот минимум на паричната казна за прекршоци за физичко лице да се намали од една половина на една петина. Меѓутоа други членови на Комисијата беа на мислење дека овој закон треба да се донесе со оглед на тоа што постојните казни во поглед на општиот минимум и максимум се превисоки и не ја остваруваат функцијата на превенција и репресија. Според ова мислење бројот на сторителите на прекршоците не само што е намален, туку истите со оглед на нивната реална материјална положба не ги плаќаат изречените парични казни. Исто така се укажува на потребата Владата на РМ да подготви и до Собранието да достави материјал во кој што ќе биде содржан споредбен преглед дали во колкав обем е намален обемот на сторените прекршоци со воведувањето ан новиот систем на пропишување на паричните казни за прекршоци. На крајот на расправата Комисијата со 4 гласови "за" и два гласа "против" заклучи да му предложи на Собранието да го одбие. предлогот на законот за изменување на Законот за прекршоци поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Бидејќи беше спомнато од страна на господинот Тодор.. Петро дека Владата односно соодветното министерство не доставија информација што ја бараше и Комисијата за ефектите од спроведувањето на овој закон, само да потсетам дека таква информација е добиена уште на 19 јануари 1994 година од министерот за правосудство и управа Туше Гошев.

Јас би сакал за информирање наше и за пошироката јавност да изнесам некои делови од оваа информација.

"Со измените и дополнувањата на Законот за прекршоците извршени во октомври 19 92 година "Сл. весник" број 63/92 воведен е

нов систем на парични казни според кој паричните казни се пропишуваат во плати, а како основица е земена просечната плата во Републиката исплатена во последниот месец, според податокот објавен од Републичкиот завод за статистика. Минимумите и максимумите на паричните казни според овие измени се значително повисоки во однос на поранешните износи. Со воведувањето на новиот систем на пропишување на парични казни за прекршоци во кој паричните казни се изразуваат во плати надминат е проблемот со обезвреднување на паричните казни за прекршоци поради инфлацијата како и проблемот со честото менување на законите и другите прописи, заради усогласување на паричните казни за прекршоци со инфлацијата. Повисоките парични казни се поефикасни во постигнувањето на целта на казнувањето, а посебно делуваат и превентивно придонесувајќи за поголемо почитување на прописите со кои се штити јавниот поредок". Меѓу другото оваа аргументација беше една од силните аргументации да се воведе овој нов систем на плати.

"Статистичките податоци за движењето на предметите во општинските судови за прекршоци покажуваат дека во овие судови во 1991 година се примени 221.677 барања за поведување на прекршочна постапка. Во 1992 година 185.000 барања а во 1993 година 214.000 барања. Бројот на барањата примени во 1993 година е помал за 6.900 во однос на 1991 година, а поголем за 29.000 во однос на 1992-година. Меѓутоа ова зголемување на бројот на поднесените барања во 19 93 година во однос на 19 92 не значи и фактичко зголемување на бројот на прекршоците. Имено 1992 година беа намалени активностите во однос на поднесувањето на барањата за поведување на прекршочна постапка бидејќи пропишаните парични казни беа девалвирани поради инфлацијата, па повеќе се одеше на опомена на сторителите на прекршоците отколку а поднесување барања за поведување постапка. Додека во 1993 година о зголемувањето на паричните казни изразени во

плати беа интензивирани активностите на контролата на почитувањето на прописите за јавниот поредок посебно во Скопје во областа на сообраќајот и во областа на јавниот ред и мир.

Според податоци добиени од Министерството за внатрешни работи, изречени мандатни казни, поднесени барања за поведување на прекршочна постапка за прекршоци од областа на сообраќајот во периодот јули - декември 1992 година и за периодот 1993 година, во 1992 година се изречени 229.951 мандатна казна а во 1993 година 17.429 или за 13,2 пати помалку во однос на 19 92 година. Овие податоци укажуваат дека сегашниот систем на парични казни битно поволно влијае на вкупната безбедност во сообраќајот од изречените казни. Податоците за поднесените барања за поведување на прекршочна постапка за период јули - декември укажуваат на зголемување на бројот на поднесе ни барања. Во 1992 година 60.000 а во 1993 година 83.000, што се должи на интензивираните активности во контролата на сообраќајот како и на неплаќањето на паричните казни на самото место поради што и за ненаплатените мандатни казни се поднесуваат барања за поведување на прекршочна постапка.

Бројот на поднесените жалби до Републичкиот суд за прекршоци против првостепените решенија на општинските судови за прекршоци е во опаѓање. Во 1992 година се примени 6.625 а во 1993 година само 4.607 жалби.

Од напред изнесеното може да се заклучи дека постојниот систем на пропишување парични казни и висината на пропишаните парични казни за конкретни прекршоци придонесуваат за поефикасно остварува ње на целта на казнувањето и позитивно се одразуваат врз почитувањето на прописите за јавниот поредок, па во иднина може да се очекува натамошно намалување на бројот на прекршоците во сите области."

Тоа е дословно се што стои во Информацијата на Министерството. Според тоа мислам дека овој закон што е денеска е на дневен ред не треба да биде прифатен односно треба според мене да се сочека расправата на Владиниот предлог што се наоѓа на дневен ред на 68-та седница на Собранието бидејќи овој нов предлог претставува драстично намалување на казните што секако може да повлијае на веќе некои постигнати резултати на оваа област. Дека тоа е единствената аргументација.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, без разлика што пред малку претходниот говорник изнесе некои статистички податоци, меѓутоа статистиката си е статистика а овде се работи за еден предлог на закон за изменување на Законот за прекршоци кој е во функција на тоа прекршоците што се изрекуваат во овој случај, јас тука би сакал да зборувам за тоа што господинот Манев зборуваше во однос на прекршоците што го прават казнените лица како и сообраќајот и казните што се однесуваат тука, затоа што тука е очигледно дека примената односно функцијата што требаше да ја има овој закон, без разлика што се изнесуваат статистички податоци не соодветствува за тоа што се покажа дека измените и дополнувањата на Законот за прекршоци е неприменлив. Зошто е неприменлив? И во средствата за јавно информирање уште пред една - две години ако некој ја следел оваа проблематика ќе се соочи со проблемот дека ниту еден на лице место кога му е изречена казна од овластено лице на Министерството за внатрешни работи, ниту еден граѓанин таа мандатна казна не ја платил, туку вели дајте ме на судија за прекршоци односно поднесете пријава. Што се случува?

V/7.-

Се случува граѓаните знаејќи ја нивната материјана положба, немаат средства да ги платат тие казни и велат ако треба 10 дена ќе одам во затвор затоа што немам средства да платам. Каде е тука функцијата на неприменаната на овој закон. Токму оваа работа со предложениот закон на господинот Стојановски треба да се измени. Вие сигурно, верувам дека од секого во вашите изборни единици може да се чуе дека граѓаните ви се жалеле за овој проблем односно ви напоменувале дека прекршочните казни се несоодветни со нивната материјална положба несоодветни се со функцијата на остварување на таканаречената превенција како што рекоа повеќе пратеници, односно дека висината на казните не е во функција на превенција. Статистиката може да биде статистика во некој однос и да се прифати, меѓутоа знаеме во какво време живееме, какви се материјалните можности за учесниците во сообраќајот односно за имањето или немањето материјални средства да се возат автомобилите односно што почесто да се возат и учесниците во сообраќајот да добиваат вакви казни. Затоа апелирам до сите пратеници знам дека вашите гласачи особено вие од позицијата, без разлика што се залагате од некои слушнавме, тоа е добро и за поздравување да се заложите овој закон да се донесе, без разлика и да не се осврнувате за тоа дека е предложен од еден пратеник односно овластен предлагач што и припаѓа на опозицијата. Тоа да го ставиме на страна зашто ова е за доброто на сите граѓани. Казната и понатаму си останува казна зашто без казни нема почитување на законите зашто петократното, пет пати намалувањето на казната е во функција на материјалната состојба на повеќето граѓани во оваа македонска држава. Свесни сме дека функцијата правата функција што треба да ја остварат казните во однос на прекршоците ќе биде таа - секој ќе знае, без разлика дали и една десетина од просечната плата ќе плати ќе знае дека направил прекршок и друг пат ќе се замисли ако се работи за помали средства од овие што сега се предвидени што изнесуваат

просечна плата или половина просечна плата. Затоа велам вие пратеници од позицијата треба добро да размислите во интерес на вашите гласачи и да го изгласате овој закон.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор пратеникот Николовски.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитувани пратеници, не сакам да прифатам еден предлог на ваков закон, само заради тоа што со тоа би ги заштитил граѓаните на оваа Република од насилство на патиштата и оние кои што секо дневно ги гледаме настрадани во болници. За узврат сакам да ви кажам едно дека со зголемувањето на казните се намалија сообраќајките, се намали бројот на унесреќените, се намали бројот на инвалидите.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, отворам расправа по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам расправата по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(Пратениците креваат рака)

49 пратеници гласаа за.

Дали има воздржани? (5 пратеника)

Дали има против? (21)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за прекршоците . (Аплауз од страна на опозицијата)

V/9.-

Продолжуваме и се враќаме на точката 29, бидејќи има претставници на Владата по Предлогот на закон за правата на членовите на семејствата чиј бранител и војник е на служење на воениот рок.

Дали некој бара збор во општата расправа? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, ја заклучувам општата расправа и отворам расправа на текстот на Предлогот на закон.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Пратеникот Никола Поповски поднесе амандман на член 16, став 2, зборовите "центарот на социјална работа" да се заменат со зборовите "Министерство за одбрана".

И амандман на член 19, став 1 и став 2 зборовите "Центар за социјална работа", се заменува со зборовите "Министерство за одбрана". Во членот 19, став 3 зборовите "Министерство за труд и социјална политика", се заменуваат со зборовите "Комисијата составена од Владата на РМ".

Отворам претрес по амандманите.

По првиот амандман, кој се однесува на член 16 став 2. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПРЕТСТАВНИК ОД ВЈ1АДАТА :**

Владата не го прифаќа амандманот 1 на член 16, став 2.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Пратеникот Бранко Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Овој амандман г-динот Никола што го предлага за измена на постапката, практично дали да биде тоа Центар за социјална работа или треба да биде Министерството, односно подрачно министерство за народна одбрана. Не ја менува многу постапката меѓутоа, практично, субјектот, што треба да ја води постапката. Меѓутоа, досега целокупната постапката ја водеше Министерството за труд и социјална политика преку подрачно министерство во општините.

Со измените и дополнувањата на Законот, тоа помина во Центар за социјална работа од следните причини:

Прво заради тоа што лицето кое што останува материјално необезбедено е самохран родител, а тоа значи самохрана мајка, која има едно, две, три и повеќе деца и во тој контекст Центар за социјална работа како најповикана институција да ја води постапката за утврдување на материјалната страна на семејството, државата и Министерството за труд и социјална политика замисли и потврди дека најсоодветно би било постапката да ја води Центар за социјална работа. ако се прифати амандманот, тогаш ќе се изменат односите и странката која треба да го оствари тоа право треба да оди во Министерство за народна одбрана, кое да не кажам ниту е стручно ниту е компетентно да јас утврдува фактичката состојба за да може и покомпетентно да одлучува за случајот. Така, е оставен случајот до однесувањето односно на утврдување на постапката, Центаро5 може да користи и други форми во заштита на ова семејство, така да не се губи еден континуитет.

И ги повикувам пратениците да не прифатат овој амандман, бидејќи ќе направи еден посебен апсурд.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Мислам дека тука не се работи за тоа каде ќе се внесе забуна, затоа што Министерството за одбрана во својот Правилник може да побара лицето да донесе потврда од Центарот за социјална работа. Мислам дека тоа е никаква потврда. Исто така оди постапката и обратно. Треба во Центарот да се донесе потврда дека лицето е упатено на воен

рок од страна на Министерството за одбрана. Пак ќе шетаат потврдите од една на друга страна. Проблемот е да се има некаков ред, кој значи дека ако еден субјект упатува лица на воен рок, заради кои настануваат други последици, истиот субјект ги сноси последиците ,а некој друг субјект. Јас се слагам дека ние можеме да јас прифатиме тезата дека вака функционира и дека работата е уходана. Меѓутоа, не гледам никаква можност ова Собрание нешто да промени, ако ја прифатиме за секогаш оваа филозофија. Се е до сега уходано, тогаш ништо да не менуваме. Работата е да се промени нешто, по мое мислење, јас мислам дека е легитимно и мислењето на г-динот Арсов, се разбира дека можеме различно да размислуваме, дека оваа постапка да се насочи каде што е, зошто некој останува без средства за материјална егзистенција.

**КИРО ПОПОВСКИ;**

Дали уште некој бара збор?

Има збор пратеникот Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, ги ценам овие излагања на претходните колеги, но сакам да укажам на една реална состојба која ја имаше порано во нашата држава. Поготово, вие знаете кога бевме во рамките на поранешна Усогласија, исто така се користеа вакви права на нашата држава. Меѓутоа, во практиката се случуваше нешто трагично и нешто што беше на штета на самата држава. Имено, во одредени луѓе кога сакаа да користат права како хранители на семејството, а се наоѓаат веќе на служење во Армијата, правеа такви малверзации и вадеа такви документи кои не одговараа кои апсолутно не одговараа на реалната

состојба каде што живееа. Имаше хранител на семејство, кои и покрај тоа што живеел во заедница со својот родител, и покрај тоа е единец и целиот имот им останува во негова сопственост, се вадеа такви документи каде што изигруваше државата. Повторно, да не доаѓаме до еден такво степен како што спомна и претходниот дискутант дека нешто е уходано, нешто е усталено. Меѓутоа, ние практиката треба да ја согледаме до крај и да ги скратиме сите можни малверзации што се прават. И да не дојде до ситуација кога одредени луѓе кога во една ситуација ги користа одредени бенефиции на државата, во друга ситуација исто така ги користат поволните ситуации, но провирајќи се низ законот. Конкретно само еден пример. Ист човек можеше да користи од одредена организација доделување на стан, бидејќи на негово име не стои земјишниот имот, а исто така бидејќи не стои тој земјишен имот користи и друга бенефиција како хранител кога се наоѓа во служење на Армијата. Значи, тие се 2 парадокласни работи, кои месните заедници се соочуваат со голема сериозна тешкотија и не можеа да ги решаваат, а единствено ги решаваа на тој начин кога ќе дојдат во таква ситуација да ги користат тие бенефиции да не ги користа, стриктно велам за некои села, каде што ваквите пари беа многу зголемени не му даваа потврди за дотичната работа да јас изврши до крај. Затоа, треба да бидеме внимателни и Министерството, надлежните органи во државата, до крај да ја испитаат до крај оваа работа, за да не ни се случува оваа работа што порано ни се случуваше, и доаѓаше на одливање на средства каде што не требаше. А оние вистинските, кои навистина требаше да ги користат, не можеа во права смисла на зборот да ги користат.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Пратеникот Бранко Арсовски бара реплика.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Кога ја утврдуваме фактичката состојба тврдам дека нема покомпетентен орган во оваа држава од Центар аз социјална работа. Заради тоа што не само што е компетентен од аспект на некоја постапка, меѓутоа, од аспект на стручноста, Во центарот за социјална работа се поставени стручни лица кои имаат искуство и методика во утврдувањето на фактичката состојба. Сега испаѓа ајде ќе ја дадеме постапката о органот за народна одбрана, а од Центарот ќе бараме да ги испитува сите конкретни услови дали ова лице има право или нема. А, ќе ви потврдам дека Центарот во овој момент, државата ги дал сите ингеренции таму и целата документација докрај ја следи Центарот. Нема шанса за повторување од :едно во друго, Така, би било жалосно ако и оваа надлежност,која и не е многу голема, меѓутоа компететно би ја извршил Центарот за социјална работа, кои се покажа во многу услови и си ја извршува ептен стручно својата работа.Во таа смисла сега треба да создаваме посебен орган во народна одбрана, да вработуваме социјални работници, педагози, кои ќе одат на. терен да јас утврдуваат фактичката состојба,. Јас ви тврдам дека овде имаме формиран тим, кои државата веќе го финансира, има објект и нема потреба сега да се пренатрупуваме ајде ќе одиме во народна одбрана да дадеме една надлежност која мислам дека е илуизорно, заради тоа што и предлагам овој амандман да не се прифати од аспект заради тоа што и досега и натаму Центарот поквалитетно ќе ја изврши оваа работа.

**ГОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Јас не сакам да реплицирам, нека си го задржи мислењето Бранко што си го има, меѓутоа, практиката е сосема поинаква. Не станува збор

овде за стручноста на тој орган овде, на кои ти зборуваш. Јас зборувам аз нешто друго. Дајте да нејдеме такви механизми да не им дозволиме на нашите граѓани по било која основа во еден одреден момент да се однесуваат спрема државата поинаку, а во друга ситуација да се однесуваат сосема поинаку само да користат одредени бенефиции што таа ги дава. А тие бенефиции се само за одредени состојби што ќе ги стекне лицето од државата, а нема да ги корист во дадени случаеви тој како што сака. Јас, еве конкретно до колку сака Бранко или некој "друг лично можам и документација набавам за исти луѓе, исти актери како се однесуваат и при доделување на општествен став и при одење во војска, користење на овие бенефиции. Во една ситуација го користи и едниот, во другата ситуација го користи другиот услов. Кога на крајот ќе дојде државата треба да се појави како субјект да го уцени тој граѓанин и да му каже кога ти во една ситуација си се откажал од имотот немаш никакво наследно, зошто во крајната инстанца бараш таа бенефиција да ја оствариш. Тоа е парадоксална работа и ние мораме како законодавен орган да ги скратиме сите чепови каде има испуст на такви средства од државата и тие да не насочуваат строго наменски. Тоа е мојата дискусија, не е за ништо друго.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Господине Котеввски, добра е вашата дискусија, предмет на расправа е конкретен амандман, предложен од пратеникот Никола Поповски.

Ве молам, држете се за предметот што е на расправа.

Дали уште некој бара збор по предложениот амандман на член 16', став 2, поднесен од пратеникот Никола Поповски? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот..

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?

23 пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собраниево не го усвои амандманот на член 16 став 2 поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Отворам претрес по амандманот на член 19, став 1, 2 и 3 поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

(нема потреба, го повлекува предлагачот амандманот).

Продолжуваме со претрес по претрес на текстот на законот,

Кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам, претходно стручната служба да го утврди точниот број на пратеници во салата.

61 пратеник има во салата.

Кој е за, молам да крене рака.

Го ставам законот на гласање.

58 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за правата на членовите на семејствата чиј хранител е војник на служење на воениот рок.

Преминуваме на **<u>точката 31</u>** - <u>Предлог на закон за изменување на законот за прекршоците.</u>

Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење до 7 минути, а координаторите на пратеничките групи во траење од 15 минути,

Кој е за овој предлог да крене рака. (Пратениците креваат рака)

34 пратеници гласаа "за".

Констатирам дека предлогот не е усвоен..

Преминуваме на точката 32 - Предлог на закон за заштита на личните податоци.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела вие се доставени односно поделени,.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 5, на членовите 7, став 3, член 9 став 2, 10 став 2, 13 став 2, 16 став 2, 17 став 2, 18 став 2, 28 став 2, 29 ставовите 2, 3 и 4, 30 ставовите 2, 3 и 4, 31 ставовите 2, 3 и 4, 1,6 став 1, 27 став 1, 28 став 1, 29 став 1 точките 1, 2,3, 4,5, 6, 7, 8 и 9, 30 став 1, 31 став 1, 33, член 29 став 1 точка 10, член 7 став 1, член 8 став член 20 став 1 и 2, членовите 21 став 1, 24, 25, 26, 28 став 3, член 24, член 25, член 27 став 1 и 2 и на член 28 став 1, со кои Владата на РМ се согласила и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака.

57 пратеници гласаа "за".

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Очигледно дека некој не гласа. Констатирам дека Собранието го донесе законот за заштита на личните податоци.

Преминуваме на **точката 33** - Предлог на Деловник на Собранието на РМ.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Да ве информирам дека од страна на предлагачот на Деловникот сме информирани и известување Ви е поделено дека Комисијата предлага Собранието на РМ Предлогот да го остави како посебна точка со образложение, доколку нашата седница подолго трае, или истиот да биде разгледан на наредна седница на Собранието на РМ, како би имало време Комисијата уште еднаш да ги разгледа бројните амандмани кои се доста- вени, преку 250 амандмани, до Комисијата.

Според тоа, Комисијата го повлекува Деловникот од дневен ред Заклучок е да се стави на првата наредна седница, а Комисијата во меѓу време да ги разгледа сите амандмани и да достави мислење до пратениците со свои видувања по предложените амандмани.

Преминуваме на 33-та точка - Барање на Општинскиот суд Битола за давање одобрение за водење на кривична постапка против Горѓи Котевски, пратеник во Собранието на РМ.

Ве молам, во некои деловници од дневните информатори различно се нумерирани точките, па затоа некаде е 33-та, некаде 34тта точка. Одиме по овој информатор кој е објавен за денешната седница.

Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење од 7 минути, а координаторите на пратеничките групи во траење до 15 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?

Предлогот не е прифатен.

Барањето на Општинскиот суд Битола и извештаите на Комисијата за мандатно - имунитетни прашања Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Согласно член 64 од Уставот на РМ, пратениците уживаат имунитет, односно пратеник не може да биде повикан на кривична одговори или да биде притворен за искажано мислење или за гласање во Собранието.

Пратеникот не може да биде притворен без одобрение на Собранието освен ако е затечен во вршење кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку 5 години.

Собранието може да одлучи да се примени имунитет над пратеник и кога тој самиот не се повикал на него, ако е тоа потребно заради вршење на функцијата пратеник.

2. Со оглед на тоа што барањето на судот не се однесува на случаите предвидени во членот 64 од Уставот на РМ, Собранието оценува дека не се исполнети уставните претпоставки да одлучува за барањето на Општинскиот суд Битола.

3. Овој заклучок заедно со Извештајот на Комисијата за мандатно имунитетни прашања да се достави до Општинскиот суд - Битола.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

54 пратеници гласаа за предложениот заклучок.

Дали има некој против?

Двајца пратеници се против?

Дали некој се воздржува од гласање.

Еден пратеник се воздржал од гласање.

Очигледно некој не гласал.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на <u>**40-тата точка**</u> - <u>Предлог на одлука за основање повремена комисија за разгледување на иницијативите за оддел! промени на имињата на градовите, улиците, и јавните установи во РМ.</u>

Предлогот на одлуката и мислењето на Владата Ви се доставени односно поделени.

Слушнав некои реакции во салата во однос на кворумот, затоа, молам, службата тоа да го провери.

Има реакции да се даде пауза за ручек.

(Некои пратеници бараат пауза, а некои се залагаат седницата да продолжи).

Моментално немаме кворум во салата.

Ќе во молам, бидејќи не можам да ги усогласам различните мислења, предлагам, но да бидеме точни, сега е 14,35 часот, до 15,15 часот да одиме на пауза, а во 15,15 да продолжиме со работа.

(Пауза од 14,35 до 15,45 часот).

Продолжуваме со работа.

Преминуваме на **40-тата точка** - Предлог на одлука за основање на повремена комисија за разградување на иницијативите за одделни промени на имињата, на градовите, улиците и јавните установи во РМ.

Предлогот на одлуката и мислењето на Владата Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

(Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Драги колеги и колешки, ова е предлог на одлука за основање на привремена комисија за разгледување на иницијативите за одделни промени на имиња на градови,улици и<1 јавни установи во Република Македонија. Тоа не е лошо и треба да се направи, меѓутоа, видете што станува. Имам една забелешка кон Собранието на градот Скопје.

Нешто сега да кажам за тоа со одлука на Собранието на градот Скопје, населбата Синѓелиќ се именува во населба Ченто. Меѓутоа, во што е целата работа? Собранието на град Скопје, со кое раководи ВМРО-ДПМНЕ, најде за сходно да не ги смени таблите кои ја покажуваат ориентацијата спрема населбата Ченто. Останаа старите табли, во кои одоздола стои Синѓелиќ, а одозгора е напишано Ченто. Значи :нашата Република нашиот кат не може да купи две три нови табли, на кои ќе се напише или се боја ќе се избори и ќе се напишеше Ченто. Сега кога патуваме со автобус или со кола од далеку се чита Синѓелиќ, кога ле се приближите на две метри ќе прочитате Ченто. Напомнувам, доколку се оформи таква комиси- ја старите показатели кон тие насрлви и места на Републиката треба да се тргнат и наместо нив да се стават нови знаци со кои ќе бидат именувани новите населби, улици и градови во нашата Република. Тоа е мала работа, но изгледа многу голема кога една населба со такво име од нашата револуција се чита од далеку Синѓелиќ, тоа значи Ченто - Синѓелиќ тоа е срамота и греота за нас.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ако смеам да забележам, ова не беше дискусија по одлуката.

Молам, кој бара збор по одлуката? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на предлогот на одлуката.

Одлуката ја ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

55 пратеници се изјаснија за предложената одлука.

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање?

Еден пратеник.

Очигледно некои не гласале.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлука на Повремена комисија за разгледување на иницијативите за од промени на имињата на градовите, улиците и јавните установи во РМ.

Преминуваме на **<u>41-та точка</u>** - Предлог на одлука за состав на Повремената комисија за разгледување на иницијативите за одделни промени на имињата, градовите, улиците и јавните установи во РМ.

Предлогот на одлуката Ви едноставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака?

57 пратеници се изјаснија за предложената одлука.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Очигледно некој не гласал.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за состав на Повремената комисија за разгледување на иницијативата за одделни промени на имињата на градовите, улиците»и јавните установи во РМ.

Преминуваме на **<u>42-та точка</u>** - <u>Предлог на одлука за ставање вон сила на одлуката за изменување на Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во советот на радио - дифузното претпријатие Македонска радио телевизија.</u>

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

(Некои пратеници во салата извикуваат: "Го нема предлагачот"

Од техничка природа е ова, колку што сум информиран.

Не се работи за тоа од формално правен аспект за предлагачот дали е присутен или не, бидејќи одлуката на Уставниот суд е повеќе во составот на советот на радиодифузното претпријатие Македонска телевизија, не може да има надворешни членови, а ние во меѓувреме ја донесовме таа одлука, според тоа оваа одлука ја ставаме вон сила и се согласувам со одлуката на Уставниот суд.

Еве, предлагачот доаѓа.

Дали некој бара збор по одлуката? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака?

33 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Не помина предлогот, констатирам дека не ја донесе одлуката.

Преминуваме на **44-та точка** - Предлог на одлука за основање на пратеничка група на Собранието на РМ за соработка со Парламентот на Република Италија.

Предлогот на одлуката и извештаите на работните тела на Собранието и дописот на Комисијата за прашања на изборите и именувањето Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

VII/7

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, ова е пригода за да се каже некој збор повеќе за тоа како ги составуваме комисиите и кој се е застапен во нив.

Инаку, сакам да ја поддржам иницијативата да се основа ваква Комисија, ваква група за соработка со Италијанскиот парламент и да ја искажам мојата претстава дека она тело или таа група која ќе го претставува нашиот парламент треба да биде отсликување на бројчаната состојба што ја имаме тука во парламентот. Засега, во овие три години работење во плурален амбиент едноставно се пренебрегнува присуството на одделните структури според политичката припадност. Јас сметам дека тие места треба да одат во пропорција со застапеноста на пратеничките групи во самиот парламент. Значи ние не можеме да негуваме приод од секоја ?боја или од секоја пратеничка група неминовно да има по еден претставник, туку потребно е во зависност од јачината или бројноста на пратеничките групи да бидат застапени нивните членови во вакви комисии.

Инаку, без да претендирам на целосност и прецизност од досегашните делегати што ги имавме и кои пред се пречекуваат тука гости, се гледа сосема јасно дека најбројната пратеничка група нај- малку го претставува македонскиот парламент. Тоа ќе треба да биде, во интерес на демократијата надминато.

Затоа, сакам да укажам дека и при оваа делегација што се формира сега за соработка со италијанскиот парламент ќе мораме да размислиме на прилагодување или приспособување на бројот, согласно застапеноста на пратеничките групи» во Македонскиот парламент а не едноставно својата совест да ја смируваме на тој начин што од секоја политичка партија, било таа да е со двајца претставници во Парламентот, ќе ставиме по еден.

**ЈОРДАН БОШКОВ**: (продолжение)

Тоа така не оди.

Соодветно школо добивме од оние делегации кои пристигнуваат тука како гости кај нас. Секаде, покрупните групи се повеќе застапени во комисиите, а и во делегациите на парламентите.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучува претресот по текстот, и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (40 пратеници)

Дали има некој против? (3 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (7 пратеници)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Италија.

Преминуваме на **45-та точка** - Предлог на одлука за основање на економско - социјален совет на Македонија.

Предлогот на одлуката, извештаите на работните тела на Собранието и Мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Комисијата за економска политика и развој констатира дек> нема потреба од осниваше на ваков Совет и му предлага на Собранието да го одбие предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Ако Собранието на Република Македонија до сега нема основано Совет според надлежностите утврдени од членот 68 став 1 алинеја 12 од Уставот на Република Македонија тоа не значи дека и во иднина нема право да основа бидејќи и тоа е уставно утврдена надлежност на Собранието. Се предлага Собранието со оваа одлука да основа економско социјален совет на Македонија. Од страна на предлагачот на седницата на Законодавно правната комисија предложено е одлуката да се разгледува како нацрт на одлука во согласност со одредбите на Деловникот на Собранието. Основата на основањето на еден ваков економско социјален совет на Македонија тргнува од позицијата дека во повеќе земји каде има развиена пазарна економија и пазарно стопанисување познат е институтот Социјален совет на државата каде претставници на разни социјални слоеви, претставници на трудот и капиталот, претставници на науката афирмирани истакнати личности ќе можат да придонесат преку едно репрезентативно и советодавно тело да се разменуваат различни мислења да се даваат мислења по различни прашања од сверата на економијата и социјалата. Можеби основањето на еден ваков економски социјален совет беше и во функција на донесување на Деловникот на Собранието на Република Македонија односно во организацијата на работните тела на Собранието на Македонија имајќи предвид дека и во амандманите на Деловникот на Собранието се предлага собраниските работни тела да имаат чисто претставнички карактер, во кои ќе бидат именувани само пратеници членови од редот на пратениците во Собранието на Македонија, како највисок орган на законодавната власт, а додека претставниците од науката да не бидат оптоварени од дневно политичките потреби и

актуелни интереси на политичките партии претставени со своите претставници во Собранието, да може преку едно советодавно тело кое ќе се вика економски социјален совет, во една посмирена атмосфера, неоптоварена од дневно политичките интереси на партиите претставени во парламентот со соодветна арументација да ги соочат различните мислења и видувања од сферата на прашањата за економијата и социјалата во РМ.

Од овие причини, тргнувајќи и од основната определба на членот 1 на Уставот на РМ , каде државата е дефинирана покрај другото и како социјална држава, стојам на становиште и мислење дека Собранието има потреба од основање еден ваков совет што ќе се нарекува Економско социјален совет , чија што функција би била грижа на Републиката за економската и социјалната сигурност на граѓаните, во согласност со начелото на социјална праведност и начелото на советодавност во функционирањето на органите на државната власт: Собранието и Владата на РМ.

Во текстот на нацртот на одлуката за основање економски социјален совет на Македонија се предлага бројот на членовите да не биде ограничен, да се избира претседател и двајца потпретседатели а функцијата член на економско социјалниот совет на Македонија да биде почесна.

Членовите на економско социјалниот совет се предлага да ги предлага МАНУ, универзитетите, научните институти, синдикатите разните коморски асоцијации, Владата и Собранието на РМ.

За членови на економско социјалниот совет се предлага да бидат избрани односно да се утврдуваат како кандидати истакнати и афирмирани научни, стручни, културни и други работници во својата област, стопанственици и претставници на пред малку спомнатите институции.

VIII/4

Економско социјалниот совет на Македонија би требало да ги разгледува прашањата од економската и социјалната сфера во Републиката, и да дава соодветни мислења, предлози и препораки за решавања на овие прашања во фазата на подготовките за донесувањето на соодветни закони каде што ќе биде регулирана целокупната материја од различни сфери на општественото живеење. Собранието или Владата на Македонија се предлага да можат да побараат мислење по прашањето од економската и социјалната сфера во нивна надлежност од страна на социјалниот и економскиот совет на Македонија и можеби основањето на еден ваков совет ќе биде во функција на едно по научно фундирано решавање на проблемите кои доаѓаат на дневен ред на седници на Собранието како орган на законодавната власт на Републиката. Претходно неоптоварени со одделни дневно - политички потреби и интереси на партиите на власта за да можат соодветните претставници на разните струкови, научни институции социјални асоцијации и организации да го презентираат во една посмирена атмосфера нивното гледање за решавањето на прашањата што треба да се регулираат во Собранието на Македонија.

Стручните, правните, административните, помошните и другите работи и задачи, техничките и други на економско социјалниот совет на Македонија се предлага да ги врши Стручната служба на Собранието на Македонија, а изборот на членовите на овој совет да се изврши во рок од 3 месеци од влегувањето во сила на оваа одлука.

Сметам дека постои потреба за основање на еден ваков совет и му предлагам на Собранието да го прифати нацртот на одлуката за основање економско социјален совет на Македонија. Можеби тоа ќе биде почеток на^организирање на функционирањето на Собранието на РМ, имајќи предвид дека Собранието можеби има и те како потреба од основање уште еден совет каде ќе биде претставена науката,

соодветните научни институции, совет за уставни прашања каде што потемелно ќе бидат разгледувани сите состојби што сега се регулирани со највисокиот Уставно правен акт на државата, Уставот на Македонија.

**КИРО ПОПОВСКИ;:**

'Предлагачот го измени својот предлог од Предлог на одлука, во Предлог за донесување со нацрт.

Има збор пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Мислам дека нацртот на одлуката што е елементи во работата на Собранието побудува интереси и евентуално може да предизвика позитивни реакции во Парламентот и пошироко. Но, барем за мене е неспорно дека нацртот на оваа одлука што е конкретно поднесена не треба да се поддржи од Парламентот и дека, ако се има потреба од вакво структурирање на власта во Македонија во насока на создавање на нови органи треба да се размислува во сосема поинакви граници.

Прво, мислам дека постоењето на разно - разни совети може да биде иманентно само на извршната власт во било која држава, па соодветно на тоа и во РМ. Можеби има примери, веројатно во некои законодавни тела, меѓутоа мислам дека кај нас сосема иманентно би било до колку совети, како официјални државни органи што се предлага де факто со оваа одлука, да стане официјален државен орган Советот што има своја структура, своја работа, свои седници, свои функции, мандат и тн. единствено може во извршната власт во РМ или во Владата или во некој од компетенциите на претседателот на Републиката. Меѓутоа, мислам дека воопшто не може да стане збор, тоа да се носи на ниво на Собрание или пак одлуката за тоа да ја донесува Собранието. Ако има потреба од таква работа, тогаш веројатно таму каде што согласно со моето размислување треба, а тоа би било во Владата на РМ.

Второ, во оваа одлука мислам дека е прилично невешто составено советодавен орган како официјален државен орган на РМ кој би бил советодавен и на Собранието и на Владата истовремено. Веројатно тие совети треба да се упатат само на едно место, само на ниво на предлагање, после на ниво на донесување било какви одлуки тој совет би бил истиот што е даден во Владата, веројатно и овде. Мислам дека е оптоварен ваквиот начин на одлучување, на создавање социјално економски совет со непотребни работи, во членот7 економско социјалниот совет да воведува арбитража, може да врши арбитража помеѓу заинтересирани субјекти итн. Сосема отстапува од концептот со формализирање на работата на седници, потпретседатели, мандати кои веројатно исто така не одговараат на почесната функција. Почесната функција со мандат од 4 години исто така е малку несреќно споена работа.

И покрај тоа што идејата е вредна за размислување, пред се се разбира во Владата, Владата да размислува за ваков совет на сопствено ниво, тука би бил и крајот на собраниската надлежност или потреба од собраниско одлучување во овој момент и секако дека Собранието мислам дека не би требало да ја донесе одлуката, затоа што само ќе се усложнат работи за што нема потреба во овој момент РМ. Меѓутоа, може Собранието ваквиот текст да го пропрати до Владата чисто информативно. Иако Владата се им^ произнесено по него, меѓутоа тоа е како поконкретен текст на одлука во фаза на предлог или нацрт како е доставен, за евентуално размислување дали Владата во својата надлежност би можела да размислува за воведување на овакви економско социјални совети итн. со свои одлуки, со вој начин и своја филозофи на на однесување. Меѓутоа, институционализирање на еден совет на ниво на Собрание односно на ниво на државата мислам дека сосема ќе ја промаши целта кон која се стремиме да ја изградиме државата во поделбата на власта.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Збор побара предлагачот, господинот Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Токму вака како што ја водиме државата без присуство на науката на соодветен репрезентативен начин во одлучувањето на органите на државната власт, сметам дека не ја постигнуваме целта на надлежностите утврдени во Уставот на РМ во органите на државната власт.

Во членот 68 од Уставот на РМ, став 1 алинеја 12 дадено е правото Собранието во рамките на своите надлежности да може да основа совети. Порано постоеја совети основани со закони и како општествени совети имаше неколку. Меѓутоа, независно дали сме парламентарна држава со парламентарна демократија каде што политичките интереси и нивниот плурализам се презентира преку претставниците во институциите на власта, таков еден совет според мене е нужно потребно. И држави со парламентарна демократија, со многу поголема традиција го практикуваат основањето на овие совети. Затоа кажав дека во државата нам ни се потребни, тоа Собранието го има во своја надлежност и според Уставот, не е воопшто во спротивност со Уставот, Владата може да формира 1 и 101 стручен совет за прашања од нејзина надлежност и таа ингеренција никој не и ја одзема. Меѓутоа, на Републикава и се потребни и економско социјален совет и Совет за уставни прашања.

Со оваа одлука се предлага економско социјален совет. Сведоци сме на многу излагања на научни еминентни стручњаци кои се нудат да помогнат во работењето на еден таков економско социјален совет, нормално кој подразбира едни постабилни односи во водењето на законодавната власт. Ние се научивме да донесуваме закони по итна постапка, по скратена постапка. Едноставно го суспендираме јавното

мислење, ја суспендираме можноста и јавноста и заинтересиран институции и асоцијации да го кажат своето мислење, од една страна. Од друга страна плус пратениците да може врз основа и на научни согледувања и мислења, различни погледи или било како правилно да гласаат при изјаснувањето по било кои точки на дневен ред во Собранието.

Затоа сметам дека основањето на еден ваков совет не е §о спротивност со Уставот. За мене лично е нужна потреба кое во едни постабилни, мирни времиња би ги разгледало сите прашања претходно, пред да стигнат и со собраниска постапка и затоа сметам дека нема причини да не се прифати нацртот на одлуката за основање на економско социјален совет. Можеби има одредби што не одговара во нацртот на текстот на одлуката, но затоа и на ЗПК кога се разгледуваше предлогот на одлуката, што го преиначив како овластен предлагач во нацрт на одлука за да можат и работните тела и пратениците и стручните служби да дадат соодветни свои забелешки кои во дефинитивниот текст на одлуките за една од наредните седници ќе бидат вградени.

Ова е само една можност да не изигруваме дека јавното мислење е присутно или научните институции, со тоа што во било кое работно тело во Собранието ќе ставиме по 2-3 претставници од научни институции и мислиме дека науката е застапена во постапката на разгледувањето на предлозите за донесување и предлозите на закони што доаѓаат на одлучување во овој Парламент. На овој начин ги оставаме оние кои се за тоа можеби стручно -компетентно надлежни да го дадат своето верификувано стручно мислење, а пратениците во работните тела да можат да градат политика врз основа на различните научни гледања и погледи.

Затоа сметам и му предлагам на Собранието да го прифати нацртот на текстот на одлуката за основање на економско социјален совет.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, за мене формирањето на еден ваков совет е исто така прифатливо од оние причини кои можевме да ги чуеме од излагањето на предлагачот, а исто така и од материјалот што е поднесен. Секако дека еден ваков совет кој би ги третирал економско-социјалните појави во нашето општество ќе придонесе донесувањето на политичко обоена одлука да биде од повисок степен на култивираност. Таквите одлуки да бидат поиздржани. Во досегашниот период на работење ние сме оставени пред се на својата совест. Свесни сме дека разработката на капитални теми не добива доличен одраз и во пошироката јавност. Така да би сакал на пратениците да им се доставува и материјал на пример од едно вакво тело. Но, кога веќе би се формирало тело, јас имам и желби. Поточно како би работел и како би комуницирал со Парламентот.

Ние како законодавно тело имаме преслаба комуникација со самата Влада. Ние не добиваме доволно известија, доволно материјал за она што се случува ширум државата. Тука би го поставил прашањето, кога веќе Владата не не удостојува со материјали што бива со едно такво тело, колку тоа ќе се чувствува обврзано навреме и во доволен обем да ги удостои пратениците со презентирање на нивните гледишта. Инаку самото засегнување на присутните надворешни членови на комисиите на Парламентот ќе се чуеме подоцна кога ќе зборуваме за Деловникот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот со Предлогот за донесување на одлука за основање Економско - социјален совет на Македонија со Предлог на одлука.

Бидејќи предлагачот својот Предлог на одлука го трансформира во предлог за донесување со нацрт на самата седница во првата фаза ќе гласаме дали Собранието го усвојува Предлогот за донесување на одлука за основање економски 0 -социјален совет на Македонија.

Кој е за, молам да крене рака? (23 пратеник).

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Минуваме на точката 4 6 - Предлог на програма за финансирање на изградба , доградба, тековно одржување на објектите и опремата на правосудните органи и казнено - поправните установи во периодот од 1993 до 1996 година.

Предлогот на програмата и извештаите на работните тела на Собранието , Ви се доставени, односно поделени;.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседавач, почитувани пратеници, осеќам потреба посебно да изразам целосна поддршка на донесување на Програмата за изградба, доградба, тековно одржување на објектите и опремата н^ правосудните органи и казнено - поправните установи во периодот од 1993 до 1996 година. Оваа поддршка како член на Парламентот а пратени* од Општина Кавадарци, посебно ме обврзува заради присутноста во содржината на Програмата, предвиденоста на решение за обезбедување на објект за вршење на дејноста на правосудните органи од општина Кавадарци, покрај другите, меѓу другите и Судската палата во Скопје и други предвидени објекти и објектот за вршење на дејноста на право- судните органи од општина Кавадарци.

Причината дека ете се предвидуваат вакви буџетски средства за изградба, доградба или тековно одржување на овие правосудни објекти е дотолку повеќе објаснета само со примерот во општина Кавадарци, каде што постојните услови за обавување на дејноста на право- судните органи се скоро никакви. Тие се вршат во простории кои се под закуп итн., така да таа оправданост и причина сигурно со другите предвидувања ќе се потврди. Мислам дека останува воедно со поддршката и искористување на дискусијата навистина надлежното Министерство за правосудство, едно укажување на доследноста во спроведување на оваа програма заради тоа што актуелните проблеми со изградба, доградба и тековно одржување на правосудните органи во Републиката, како и во општината Кавадарци се во таква една акутна состојба која одложување на време не чека.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, предлагачот кога ја поднел оваа Предлог- програма не водел сметка за содржината , за Законот за буџетот и Законот за извршување на буџетот. Со тие два закони сите средства се предвидува да одат во Буџетот и Владата е таа која врши распоред на извршување на Буџетот. Сега одеднаш ни се предлага одредби од други закони кои предвидуваат 50% од еден извор, а 50% од Буџетот. Како ќе ги задолжиме тие 50% што ги имаат средствата кога со Законот за буџетот се задолжени да ги уплаќаат сите во Буџетот. Тоа е првата забелешка, што немаат корелација тие два односи.

Вториот, и основен дел е тоа што оваа програма иако помина на Законодавно - правната комисија, меѓутоа, може и дополнително да се утврди нешто што е пропуштено. По мое мислење Предлог - одлуката нема уставна подлога да се уважи како што е, затоа што Собранието е законодавно тело и не носи програми ниту за инвестиции ниту за

вложување, туку апсолутно се бави со законодавство. Што ќе биде со извршување на Буџетот кој е донесен и во него се направени распоредите како за 1993 година со одобрување на Буџетот и усвојување на новиот за 1994 година. Таму е решено. Во ваква одлука Собранието не може да се бави. И , не ми е непријатно да се усвои одлука со ваков текст. Вели "рок за изградба и завршување на работите 1993 година". Сега сме 1994 год. првото тромесечије.

Второ, пак "рок за извршување на работите 1993 година", па дава рок за извршување 1994 година. Најинтересно за мене што е. Во точката "г" каде говори за набавка на одреден број машини за пишување на апарати за фотокопирање, телефонски и други технички помагала, за определен број на возила , Собранието да се бави со донесување на одлука кога тоа е дадено во надлежност на Министерствата, односно, на корисниците на Буџетот. И ми се поставува прашањето на мене. Дали овде не се врши мешање на законодавната и извршната власт. Со ова ќе мора да се позабавиме. Ако на некој , поради непознавање на одре- дени работи не му јасно, нека дојдат стручњаците, предлагачи на оваа Предлог - одлука нека ни објаснат од каде ова го црпат и што ќе стане со Законот за буџетот и усвоениот буџет, тогаш јас ќе се повлечам.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по Текстот на Предлогот на програмата.

Законодавно - правната комисија поднесе Амандман на точка 1, со кој се согласи претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Програмата.

Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана поднесе Амандман на насловот на точка 1.

Отворам претрес по Амандманот на насловот на Програмата поднесен од Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата на РМ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПРЕТСТАВНИК НА ВЈ1АДАТА:**

Владата го прифаќа амандманот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Отворам претрес по Амандманот на точка 1, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана.

Со овој Амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПРЕТСТАВНИК НА ВЛАДАТА:**

Владата го прифаќа амандманот.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по Текстот на Предлогот на програмата.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот на Текстот и Предлогот на програмата го ставам на гласање.

Молам, кој е за да крене рака? (46 пратеника)

Дали има некој против? (3 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласање?(1 пратеник)

Очигледно некој не гласал.

Констатирам дека Собранието ја донесе Програмата за финансирање, изградба, доградба, тековно одржуваше на објектите и опремата на правосудните органи и казнено - поправните установи во периодот од 1993 до 1996 година.

Молам, да се провери дали имаме кворум за работа.

Недостасуваат 4 пратеника.

Со оглед дека немаме кворум за работа, во име на Претседателството, предлагам денеска да прекинеме со работа.

Продолжувањето на седницата, дополнително ќе биде закажана.

(Седницата прекина со работа во 16,45 часот).